ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 0803 – 132/6**

**Дата: 28.10.2009**

**ДО**
**БИРО ЗА СТОКОВНИ РЕЗЕРВИ- ОРГАН ВО СОСТАВ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ФИНАНСИИ**

## КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Бирото за стоковни резерви за 2008 година, сметка за редовно работење кои се прикажани на страниците 3 и 4.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија.

3. Не е вршена ревизија и не е издаден извештај за финансиските извештаи на Бирото за стоковни резерви за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија. Државниот завод за ревизија има извршено ревизија на финансиските извештаи за 2006 година и за истата е издаден извештај со мислење со резерва, за вистинитоста и објективност на финансиските извештаи и за наменско и законско користење на средствата.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај, претставуваат одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој Извештај, застапувано од:
    - Гордана Ивановиќ - директор на Бирото за стоковни резерви

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој Конечен извештај, прикажан на страните од 1 до 2 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е планирана и извршена во периодот од 03.07 до 04.09.2009 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај е да овозможи ревизорот да го изрази мислењето:
    - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива и

-дали е остварено наменско и законско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој Извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој Конечен извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека спроведената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Според наше мислење, финансиските извештаи на Бирото за стоковни резерви за 2008 година вистинито и објективно ја искажуваат финансиската состојба и резултатот од финансиските активности во однос на важечката законска регулатива.

11. Според наше мислење, остварено е законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи.

12. Преземени се мерки од страна на субјектот за дел од препораките и мерките на ревизорскиот извештај на финансиските извештаи за 2006 година во однос на пописот и јавните набавки.

Скопје, 27/10/2009 година


*ул: "Маршал Тито" - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
тел:3211-262, факс:3126-311

*Овластен Државен ревизор*

----------------------------

## Сметка за редовно работење
## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2008 ГОДИНА

**во 000 денари**

| Опис | 2008 | 2007 |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Трансфери и донации | 85,811 | 626,596 |
| **Вкупно приходи** | **85,811** | **626,596** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 7,266 | 7,795 |
| Резерви и недефинирани расходи | 60 | 33,763 |
| Стоки и услуги | 27,243 | 26,820 |
| Каматни плаќања | 6,573 | 0 |
| Субвенции и трансфери | 10 | 48 |
| **Вкупно тековни расходи** | **41,152** | **68,426** |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални расходи | 31,771 | 558,170 |
| **Вкупно капитални расходи** | **31,771** | **558,170** |
| **Отплата на главнина** | **12,888** | **0** |
| **Вкупно расходи** | **85,811** | **626,596** |


***ул: “Маршал Тито” - 12/3***
***Палата Македонија - Скопје***
тел:3211-262, факс:3126-311

## Биро за стоковни резерви
## Сметка за редовно работење
## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

**во 000 денари**

| Опис | 2008 | 2007 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 0 | 183,000 |
| Активни временски разграничувања | 1,349 | 184,229 |
| **Вкупно тековни средства** | **1,349** | **367,229** |
| **Постојани средства** | | |
| Материјални добра и природни богатства | 664 | 664 |
| Материјални средства | 214,676 | 217,125 |
| **Вкупно постојани средства** | **215,340** | **217,789** |
| **Вкупна актива** | **216,689** | **585,018** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 662 | 183,685 |
| Обврски спрема државата и други институции | 25 | 0 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 662 | 544 |
| Пасивни временски разграничувања | 0 | 183,000 |
| **Вкупно тековни обврски** | **1,349** | **367,229** |
| **Извори на средства** | | |
| Извори на капитални средства | 215,340 | 217,789 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **215,340** | **217,789** |
| **Вкупна пасива** | **216,689** | **585,018** |



*ул: “Маршал Тито” - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
тел:3211-262, факс:3126-311

**Биро за стоковни резерви**
**Сметка за редовно работење**

## ПРЕГЛЕД
## НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2008 ГОДИНА

| О П И С | Државен јавен капитал |
|---|---|
| **Состојба 01.01.2008 година** | **217,789** |
| **Зголемување по основ на:** | **430** |
| Набавки во текот на годината | 430 |
| **Намалување по основ на:** | **2,879** |
| Амортизација на постојани средства | 2,879 |
| **Состојба 31.12.2008 година** | **215,340** |



*ул: “Маршал Тито” - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
тел:3211-262, факс:3126-311